**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ДВАЕСЕТ И ПРВАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## започната на 20.02.2019 година
## (продолжение на 21.02.2019 година)

**СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2019 ГОДИНА**

# З А П И С Н И К

**Од Дваесет и првата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 20.01.2019 година**
**(продолжение на 21.02.2019 година)**

*Пред започнување на седницата со едноминутно молчење од присутните им беше оддадена должна почит на трагично загинатите во сообраќајната несреќа што се случи на магистралниот пат од Скопје кон Тетово во близина на село Ласкарци, на 13 февруари 2019 година, како и на поранешниот член на Советот на Општина Гази Баба - г-дин Ратко Илиевски.*

Седницата започна во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, командирот на ПС од ОН Гази Баба, претставници од јавните установи - детски градинки, в.д директорот на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, претставници од Центар за енергетска ефикасност, претставници од Центар за економски анализи и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Деветнаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Деветнаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **26 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**********

По Нацрт - Записникот од **Дваесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Дваесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **27 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следните предлози за **изменување и дополнување** на дневниот ред:

Согласно извештајот на статутарно-правната комисија бр.09-698/2 од 18.02.2019 година, насловот на точка 4 од предложениот дневен ред: Предлог - Одлука за примање на движни ствари на трајно користење, **се менува и гласи**: **"Предлог - Одлука за примање и давање на движни ствари на трајно користење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје"** а дневниот ред се предложи да биде дополнет со следните точки:

**28.** Предлог - Заклучок за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Одлуката за одобрување на исплата на еднократна парична помош, бр.08-579/1 од 06.02.2019 година; и

**29.** Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за начинот на располагање со сопственост на објектот - ресторан до Домот на културата во Маџари.

Согласно извештајот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, бр.09-699/2 од 18.02.2019 година, се предложи дневниот ред да биде дополнет со следната точка:

**30.** Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Наум Охридски" - Скопје.

Согласно извештајот на комисијата за локален економски развој, бр.09-703/2 од 19.02.2019 година, се предлага дневниот ред да биде дополнет со следната точка:

**31.** Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.

Согласно извештајот на комисијата за финансии и буџет, бр.09-704/2 од 19.02.2019 година, се предложи дневниот ред да биде дополнет со следните точки:

**32.** Предлог - Одлука за одобрување на исплата на еднократна парична помош; и

**33.** Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејство од опожарен дом.

Согласно известување од стручната служба на 18.02.2019 година, се предложи дневниот ред да биде дополнет со следната точка:

**34.** Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Министерство за правда на РМ - Управа за извршување на санкции, од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за ГП бр.1.13, за изградба на судница во Казнено - поправен дом Идризово во с.Идризово.

Согласно известување од стручната служба на 19.02.2019 година, се предложи дневниот ред да биде дополнет со следната точка:

**35.** Предлог - Одлука за прием и отстапување на донација.

Согласно известување од стручната служба на 20.02.2019 година, членот на Совет на Општина Гази Баба - г-дин Александар Трајковски, предложи дополнување на дневниот ред со следните точки:

**36.** Предлог - Одлука за формирање на комисија за спроведување на одлуката за финансиска поддршка на бранителите и нивните семејства, учесници во конфликтот од 2001 година, кои живеат на територија на Општина Гази Баба; и

**37.** Предлог - Одлука за изменување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Во врска со последната предложена точка 37 должен сум да истакнам дека програмата е веќе донесена, врз основа на веќе донесената програма а пред да бидат распишани изборите е објавена јавна објава за која постапката е веќе во тек. Како дополнителен аргумент е и распишаните избори за претседател на Република Македонија, период на изборен процес во кој не смее да се менува програмата, односно се крши Изборниот законик. Од тие причини оваа точка неможе да биде дел од дневниот ред за работата на седницата

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Мора да се разјаснат работите во врска со програмата. Како што добро знае и Градоначалникот, при носењето на програмата во месец декември, имавме поднесено амандман оваа парцела да не биде во годишната програма. Вие и претседателот на комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање Сашо Трајков, укажавте дека ако ја избришеме оваа парцела од програмата, а постапката е веќе во тек, ќе ја доведеме општината во неповолна систуација да плаќа пенали. Вие пред овој совет рековте дека оваа парцела нема да биде предмет на јавна објава. Вие тоа ни го кажавте од оваа говорница. Исто така има поднесено иницијатива за оценка на уставноста и законитоста на ДУП од страна на коалицијата О2. Има закажано седница на Уставен суд и тој ДУП најверојатно ќе биде укинат од Уставниот суд. Што во тој случај ? Меѓутоа вие нема да имате одговорност, целата одговорност ќе биде на комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Морам да одговорам на Градоначалникот на неговата претходна дискусија. Токму од причини на распишани избори, вие нетребавте да ја објавувате јавната објава за оваа парцела и за било која парцела. Вие го кршите Изборниот законик.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Мора да ги разграничиме ингеренциите. Јас како Градоначалник ниту објавувам јавни објави, ниту располагам соо градежното земјиште. Тоа е во надлежност на комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање. Јас само го склучувам договорот. Во ситуација на распишани избори, договорот неможе да биде склучен се до завршување на изборите.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Пред советот го цитираше известувањето на ДКСК до државните органи, единиците на локалната самоуправа, фондови, агенции, регулаторни тела, трговски друштва и останатите органи и тела, дека не è во нејзина надлежност и нема законска основ да постапува по барања и да дава мислења. Значи нема никакво ограничување дека неможе да се менува програма донесена од совет на општина. Како предлагач останувам на предлогот за оваа точка да биде дел од предложениот дневен ред.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"28"** беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА" и 11 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"29"** беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА" и 12 гласа "ВОЗДРЖАН"'**.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Побара од стручната служба и новите точки да бидат прикажани за да знаат советниците за која точка гласаат. Очигледно е дека советничката група на СДСМ гласа против и за точки каде како предлагач се јавува Градоначалникот на Општина Гази Баба

Претставник од општинската администрација - **Васко Апостоловски**:

Упати апел до советниците дека е непотребно при гласање за одредена точки да се потенцира кој е предлагач на точката, односно претседателот на совет ги прочита дополнувањата на дневниот ред.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Претседателе ве молам барем да ги прочитате точките редоследно како што ќе бидат ставени за гласање за дополнување на предложениот дневен ред.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Очигледно е дека и на оваа седница како на претходните го имаме истото насилничко однесување при дополнување на дневниот ред. А да не се доведува стручната служба во ситуација да ни продава тука демагогија, барам да се задолжат на писмено да ги добиеме дополнувањата на дневниот ред.

Претставник од општинската администрација - **Васко Апостоловски**:

Почитуван г-дин Ристов, јас се надевам дека мојот говор не беше разбран како демагогија. Процедурата е таква да прво треба да се утврди дневниот ред за да видиме колку вкупно точки ќе има во дневниот ред. Потоа на писмено ќе ви биде доставен утврдениот дневен ред.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Барам од стручните служби да ни кажат на колку точки вкупно како предлагач е Градоначалникот на Општина Гази Баба а на колку точки како предлагачи се

јавуваме ние. За да видиме кој има насилничко однесување. Само три точки како предлагач се јавуваме ние а на останатите се јавува Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Веќе на неколку седници во низа колегата Ристов употребува термин "насилничко однесување". Треба да се извини од оваа говорница. И ве молам да внимавате на речникот.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Очигледно е јасно дека колегите имат партиски обуки и сите оркестрирано настапуваат за тоа како да ми се обраќаат. Записниците од претходни седници говорат како вашата советничка група постојано од оваа говорница напоменувате дека имате "еден советник повеќе". Ако тоа не è демонстрација на сила јас незнам што е. Би ве замолил кој и да е вашиот ментор при ова оркестрирано настапување против мене и најверојатно имате комплекс од моето образование, но тоа нема да ви помине.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Скоро две години поминаа од нашите мандати, ниту една одлука како советничка група немате предложено. Зимате месечен надоместок а не сте поднеле ниту еден предлог во овој период. Ако немате комплекс од тоа што немате мнозинство, немаше да одите по домови на советници и да вршите пристисок и да им ветувате се и сешто. Неможете да ја смените ситуацијата. Наместо да навредувате од ова говорница, седнете и напишете еден предлог. Секоја чест на образованието кое го имате, но немате поднесено нити еден предлог а еве веќе поминаа две години. Бидете конструктивен и коректен. Говорите за соработка со службата а им немате поднесено ниту една Предлог-Одлука. И тоа неможете да го направите. Ниту една одлука не е донесена надвор од законот и заради гола политика.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Јас ја разбирам вашата нервоза и потребата да говорите гласно од оваа говорница. Говорите за некакво навредување во моите дискусии. Навредување е вашата дискусија на претходите седници од типот на "маалските игри од Стајковци нагоре" "ментален склоп" и ред останати работи кои на мое барање се дел од записниците. Оркестрираниот напад врз мене нема да ви помине. Неможете да ме замолчите.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Претседателе јас ве молам да ја продолжите седницата. Колегатат Ристов за нас и нашата советничка група е неважен.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"30"** беше ставен на гласање и усвоен со **23 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"31"** беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Ве молам претседателе да се координирате со стручната служба во врска со дневниот ред и да истиот да ни се достави.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Деловникот е јасен. Точката пред да биде ставена на гласање се чита и се гласа. Кога ќе се утврди дневниот ред, стручната служба ќе ни достави пречистен текст на дневниот ред по кој ќе работиме.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Сакам да му реплицирам на колегата Кутлешовски, дека пред нас се презентира дневен ред кој е поинаков од доставениот.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Првично е доставен дневен ред со 27 точки. Претседателот во сценариото ги има сите предлози за изменување и дополнување на дневниот ред, а пред нас тука е презентиран конечниот дневен ред по кој ќе работиме.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"32"** беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА" и 11 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

**Давам пауза од 15 минути** (по сопствена оцена).

**По паузата.**

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"33"** беше ставен на гласање и усвоен со **25 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"34"** беше ставен на гласање и усвоен со **26 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"35"** беше ставен на гласање и усвоен со **26 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"36"** беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА", 1 глас "ПРОТИВ" и 11 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"37"** беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА" и 12 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Претседателот на совет констатираше дека усвоените точки се составен дел од предложениот дневен ред и воедно предложи **изменување** на предложениот дневен ред, и тоа:

Точка 6. Предлог - Програма за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2019 - 2021 година, да биде разгледувана како **точка 1**;

Точка 31. Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка, да биде разгледувана како **точка 2**;

Точките редоследно од 1 до 26 да бидат разгледувани како точки редоследно од **3-27**;

Точките редоследно од 32-37 да бидат разгледувани како точки редоследно од **31-36**; и

Точка 27. Советнички прашања да биде разгледувана како **точка 37**.

Предлогот за изменување на предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **16 гласа "ЗА", 1 глас "ПРОТИВ" и 9 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

За работата на седницата со **14 гласа "ЗА", 1 глас "ПРОТИВ" и 12 гласа "ВОЗДРЖАН"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Програма за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2019 - 2021 година;
2. Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга;
3. Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица "Гази Баба", за втората половина од 2018 година;
4. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи во јавните детски градинки, за 2019 година;
5. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
6. Предлог - Одлука за примање и давање на движни ствари на трајно користење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
7. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, за учебната 2018/2019 година;
8. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2018 година;
9. Предлог - Одлука за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2019 година;
10. Предлог - Програма за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја за период од 2019-2023 година;

11. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
12. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
13. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
14. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
15. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
16. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
17. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
18. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2018 година;
19. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за млади и спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
20. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за училишен спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
21. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
22. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации во училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
23. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
24. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
25. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
26. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
27. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;

28. Предлог - Заклучок за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Одлуката за одобрување на исплата на еднократна парична помош, бр.08-579/1 од 06.02.2019 година;
29. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за начинот на располагање со сопственост на објектот - ресторан до Домот на културата во Маџари;
30. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Наум Охридски" - Скопје;
31. Предлог - Одлука за одобрување на исплата на еднократна парична помош;
32. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејство од опожарен дом; и
33. Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Министерство за правда на РМ - Управа за извршување на санкции, од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за ГП бр.1.13, за изградба на судница во Казнено - поправен дом Идризово во с.Идризово;
34. Предлог - Одлука за прием и отстапување на донација;
35. Предлог - Одлука за формирање на комисија за спроведување на одлуката за финансиска поддршка на бранителите и нивните семејства учесници во конфликтот од 2001 година кои живеат на територија на Општина Гази Баба;
36. Предлог - Одлука за изменување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година; и
37. Советнички прашања.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Програма за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2019 - 2021 година.**

Претседателот на комисијата за локален економски развој - **м-р Мартин Ристов**, поднесе извештај од седницата одржана на 19.02.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Програма за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2019 - 2021 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година; и
- Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.

Претседателот на Советот ги покани **м-р Саше Паневски и Даниела Трпкоска** од Центарот за енергетска ефикасност на Македонија кои ја презентираа Предлог-Програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2019 - 2021 година, нејзината стратешка важност и придобивките од истата.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ја прочитав Предлог-Програмата и искрено ме заинтересира. Истата е одлично срочена и изработена. Добро е што и согласно законот општината има

обврска да ја донесе оваа Предлог-Програма. Моето мислење и заклучок е дека е започнато со некаква реализација во основните училишта, но генерално можеме да заклучиме дека општината располага со објекти кои не се енергетско ефикасни, започнувајќи од салата за одржување на седниците, која е дотраена. Да се надеваме дека програмата ќе се реализира како од аспект на реконструкција на објектите на детските градинки и основните училишта така и во делот на заштита на животната средина и заштеда на значителни финансиски средства.

Претставник од општинската администрација - **Љубе Коцевски**:

Упати конкретно прашање до претставникот од Центарот за енергетска ефикасност на Македонија - м-р Саше Паневски, околу изнесеното во вска со Предлог-Програмата, односно дали се предвидува заменена на 60 ватни лед диоди и дали заштедуваме 10 % ?. И која е трајноста на овие лед светилки ?.

Претставник од ЦЕЕМ - **м-р Саше Паневски**:

Го даде потребниот одговор и потврди дека точна е проектираната заштеда на електричната енергија односно трајноста на лед светилките.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Даде сопствена оценка на Предлог-Програмата и краток осврт на тоа што конкретно општината треба да очекува при реализација на оваа Предлог-Програма. Мерките се реални и остварливи во насока на заштеда на значителни финансиски средства и секако заштеда на електрична енергија. Општина Бази Баба се стреми да биде прва дигитализирана општина во градот преку ГИС системот. Исто така преку реализација на оваа Предлог-Програма, општината се стреми да направи добар исчекор и на овој план. Ќе набројам 3 предвидени сценарија. Гаранцијата за лед светилките е минумум 10 години. Наше е да направиме добар јавен повик кон домашните и странските субјекти. Исплатливоста е околу 8 години, што е реално очекување. 10 милиони денари заштеда на годишно ниво е значителна сума за оваа општина, и тука мора да се согласиме. Во однос на постоечките финансики импликации говориме за голема заштеда на финансиски средства преку замена на натриумовите со новите енергетско ефикасни лед светилки. Во таа насока е и следната точка на дневниот ред пред советот, преку отпочнување на постапка за јавно приватно партнерство, токму од тие причини. Најголем дел од поплаките од граѓаните се токму околу хигиената, осветлувањето и услугите кои ги вршиме. Неможе територија од 94.000 м² и околу 7.500 светилки да се покрие со двајца вработени. Токму ова е вистинскиот начин преку интегриран систем точно во секој момент да се знае состојбата со секоја светилка. Од тие причини, Ви благодарам за изготвувањето на оваа Предлог-Програма.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Мислам дека не се поминати 10 години туку помалку од кога се заменија старите живини светилки со за тоа време новите натриумови светилки. Лично бев инволиран во тој проект како вработен во општината со работа на терен. Тогаш имавме 70% заштеда. Сега е ред да се заменат со нови лед светилки. Како што е истакнато во презентацијата а и видно од одговорите на претставникот присутен, ќе се заменат и старите канделабри врз основа на посебна студија за тоа..

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за енергетска ефикасност на Општина Гази Баба за период 2019 - 2021 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.**

Претседателот на Советот ги покани **г-дин Марјан Николов и г-дин Мирослав Трајановски** од Центарот за економски анализи кои ја презентираа физибилити студијата за оправданост на доделување на договор за јавно приватно партнерство за давање на услуги на јавно осветлување во Општина Гази Баба, нејзината стратешка важност и придобивките од истата како за општината како потенцијален јавен партнер така и за потенцијалниот приватен партнер во целиот проект на јавно приватно партнерство (ЈПП). Беше потенциран и идентичниот навод како во оваа физибилити студија така и претходно презентираната програма за ЕЕ како независни проекти, како и правните аспекти од склучување на договор за воспоставување на ЈПП преку 3 можни сценарија предвидени во физибилити студијата.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Имам две прашања, со оглед на тоа што е интересна тематика. Првото прашање е дали има ваков пример за ЈПП во Република Македонија и доколку има какви се ефектите ?. Второто прашање е кој е интересот (профитот) на приватниот партнер од склучување на ваков договор за ЈПП ?.

Претставници од ЦЕА - **Марјан Николов и Мирослав Трајановски**:

Го дадоа потребниот одговор, односно претходно искуство од ваков карактер има Општина Македонски Брод која има активен договор, а што се однесува до тоа кој е интересот (профитот) на приватниот партнер од склучување на ваков договор за ЈПП, интересот односно заработката е во делот на заштедата на електричната енергија која е негова добивка од овој договор. Една од приоритетните работи е заштитна клаузула во договорот со која приватниот партнер е обврзан пред истекот на договорот за ЈПП, целокупниот интегриран систем за управување со уличното осветлување, да го отстапи на јавниот партнер во исправна состојба односно сите светилки да бидат заменети и во исправна состојба пред истекот на времето за кое е склучен договорот.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Првото прашање се однесува на тоа дали би имало потенцијални клаузи во договорот, кој согласно промените во тој долгогодишен период од 11,15 години, доколку дојде до пазарни промени дали би предизвикале промени во договорот. Второто прашање се однесува на тоа од денешен аспект, дали има некоја проценка по

завршување на овој проект за ЈПП, уште колку време овој систем би бил интересен (користењето на лед светилки).

Претставници од ЦЕА - **Марјан Николов и Мирослав Трајановски**:

Ги дадоа потребните одговори и истакнаа дека обврска на јавниот партнер (општината како потенцијален јавен партнер во конкретниот случај) не е набавка на светилки туку набавка на услуга, суштината е во тоа. Интересот на општината е да плати за јавната услуга и да бара од приватниот партнер да се грижи за целиот систем со сите детали. Со овој проект на ЈПП се набавува јавна услуга. Што се однесува до второто прашање, неможе точно да се предвиди периодот на користење на лед светилки кои патем се најнова технилогија на тој план. Се оди на комплетна дигитализација и обезбедување на ефикасност со дигитализација кој е тренд. Со овој проект, Општина Гази Баба се става на мапа на која ќе се интересираат и субјекти од високоразвиените земји, и воопшто не сум скромен кога тоа го велам. Околу правните аспекти на договорот, мора да се напомене дека склучување на добар договор со кој ќе се заштитат и балансираат интересите на двата партнера (јавниот и приватниот) е од исклучителна ако не и од најголема важност во конкретната работа. Надоместокот ќе биде фиксен и неменлив за времетрање на целиот договорен период. Заштедата ќе му припадне на приватниот партнер и тука тој ја гледа својата добивка и корист.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Со оглед на изнесеното и одговорите на моите прашања, мој заклучок е дека од овој аспект согласно информациите со кои располагаме, сметам дека општината треба да се определи за третото сценарио при избор на модел, како модел на иднината. Целиот развиен свет функционира на овој принцип (ЈПП), односно довербата се дава на приватните партнери кои секогаш се неколку чекои понапред од јавните институции како со информации така и со квалитет. Во однос на цената, логично е дека мора целиот процес да биде економски исплатлив и за јавниот и за приватниот партнер. Ова нека биде почеток, но сите мора да знееме дека ЈПП треба да биде серизна основа за равој на сите општини, како тренд на светско ниво.

(извадок од физибилити студија - страница 13, во контекст на дискусијата)

……………………

"**Сценарио 1 без воведување на автоматика и интегрирана контрола на системот** за контрола на потрошувачката и исправноста на системот за улично осветлување. Се воведува замена на натриумовите светилки со ЛЕД кои ЛЕД имаам припрема за автономен систем на димирање т.е. подготовка за интелигентен систем за контрола на секоја светилка;

**Сценарио 2 со воведување на автоматика и интегрирана контрола на системот** за контрола на потрошувачката и исправноста на системот за улично осветлување **преку автономен систем на димирање**;

**Сценарио 3 со воведување на автоматика и интегрирана контрола на системот** за контрола на потрошувачката и исправноста на системот за улично осветлување **преку интелигентен систем за контрола на секоја светилка**. "

……………………

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

На Општината Гази Баба ова не и е прво искуство со воспоставување на ЈПП. Еден пример е и тренинг кампот на ФК Вардар, каде општината доби тренинг камп со имотен лист. Ова не ѐ нешто ново, но точно е дека треба да има солиден договор во правна смисла. Ист добар пример е и ЈПП за спортската сала "Јане Сандански". За нас

е добро што и утре да пропадне сопственикот на ФК Вардар, тренинг кампот останува во наша соспвеност, што не е случај со спортската сала "Јане Сандански". Е тоа е добар договор. Затоа правниците секогаш претпочитаат при склучување на договорите, истите да бидат кратки, јасни и прецизни.

Претставник од ЦЕА - **Мирослав Трајановски**:

Во министерството за економија има устроен единствен регистар на доделени договори за ЈПП и на централно и на локално ниво. Колегата спомна дека оваа физибилити студија е направена за потребите на општината. Ако пресметките на приватниот партнер се совпаднат со оние на јавниот партнер, тогаш е во ред. Но пак ќе напоменам мора да имаме добар договор, како појдовна основа.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга, со **27 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица "Гази Баба", за втората половина од 2018 година.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 19.02.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица "Гази Баба", за втората половина од 2018 година;
- Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, за учебната 2018/2019 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година; и
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ја поздравувам одлуката на министерот за внатрешни работи, што предложи кандидати за командир а со тоа му овозможи на советот да изврши избор на командир. *(Во понатамошниот тек на дискусијата даде краток осврт на информацијата и компарација со истиот период изминатата година).* Сакам да прашам, во однос на натписите во јавноста за физички пресметки помеѓу контролори на ЈСП со патници. Дали има пријава или поплака и дали некој случај е расчистен ?. Би сакал да ве замолам во следните информации, малку подетално да добиieme информации за оперативната акција "ГОРА", односно колку дрва се исечени, дали има осомничени за овој случај итн.. Исто така се интересирам и околу делот на питачењето, односно дали е во ваша надлежност или во надлежност на МТСП. Советничката група на коалицијата "За подобра Македонија" ќе ја усвои оваа информација од причина што е изготвена од легитимно избран командир на ПС од ОН "Гази Баба".

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

На претходните седници кога овие информации беа дел од дневниот ред, јасно укажавме дека неможеме да ги усвоиме од добро познатите причини. Околу информацијата, споредено со претходните е очигледно дека по концепт се идентични. Се надеваме дека побрзо ќе се решаваат сите отворени случаи. Би сакал да прашам, дали имате информација што се случува со информациите пласирани по медиумите, околу најавите за непосредни терористички напади во град Скопје и на други места. Малку е непријатна оваа информација, која е пласирана и од една амбасада во нашата земја.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Секогаш ќе го поставувам истото прашање - неовластена употреба на огнено оружје. Не е возможно да нема никава информација околу ова прашање и ве молам да обрнете поголемо внимание, затоа што тоа е непобитен факт. Граѓаните не пријавуваат поради страв.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Да поставам прашање околу девијантното однесување на младите. Тоа се однесува на двата парка околу малата црква каде што живеам во населба Триангла. Не пречи тоа што таму се собираат над 50 млади до 05 наутро, но многу пречи нивното однесување. Има информации и за распродажба на дрога. До каде е постапката за воведување на позорникарската служба ?.

Командир на ПС од ОН Гази Баба - **Сашо Велковски**:

- Во делот околу информацијата, таа се поднесува до советот а ние поднесуваме извештаи за нашата работа до единицата за разузнавање и обработка на податоци во министерството, кои даваат оценка на нашата работа. Тие ја даваат и проценката на безбедносната состојба. Вас не ви е јасен делот околу бројот на извршени и нерасчистени дела, од причина што ние даваме пресек за конкретен период. Се што е отпосле ќе биде дел од следната информација. Информацијата

е унифициран терк и ние неможеме да го менуваме, затоа ви изгледа дека е copy paste. Ме радува што суштината ви е јасна односно не треба да се гледа зголемувањето на делата, туку зголемувањето на откривањето на делата. Имаме многу дела кои се водат како кривични дела, но се на пример за кражба на чоколади, но кои сепак го зголемуваат бројот на извршени дела како дел од информацијата.

- Имаме намалување на физички пресметки, благодарение на ново отворените канцеларии за превенција. Имаме зголемување на физички напади по угостителски објекти. Кај прекршоците имаме намалување на истите, поради зголеменото присуство на полициските службеници.

- Околу поставеното прашање за физички пресметки помеѓу контролори на ЈСП со патници, тоа е најчесто околу немање на билет, но тоа ќе биде дел од следната информација.

- Околу поставеното прашање за оперативната акција "ГОРА", таа се води на ниво на министерство и сите ПС и сектори се обврзани да постапуваат на државно ниво. Ние во нашиот дел превземаме мерки и стопираме возила. Досега сме одземале бесправна сеча, но тоа е во делот на прекршоците. Околу количината, доколку сторителот се затекне со количина до 0,8 кубици имаме сторен прекршок. Се што е над 0,8 кубика е кривично дело, а кривичните пријави ги поднесува согласно надлежноста - шумската полиција. Се што ќе се превземе од наша страна како подрачје за кое сме надлежни ги информираме надлежните и се превземаат акции.

- Околу питачењето, информации ќе има во следната информација, затоа што се превземени и конкретни активности на овој план.

- Околу заканите за терористички напади пласирани во јавноста, ние сме должни и прибираме информации на терен. Тие информации се обработуваат и не би можел да споделам детали од причина што незнам колку од вас тука присутни имаат безбедносни сертификати. Во овој период, за нашата територија немаме конкретни информации за непосредни закани.

- Околу позорникарската служба, тој проект е максимално спроведуван. На секој реон имаме такви службеници - позорникари. Ние како добиваме луѓе така и го шириме реонот за позорникари. До овој момент нивниот број е точно 100 позорникари. Службениците се премногу млади и им треба време, но ве уверувам дека добро ќе си ја вршат својата работа.

- Околу неовластеното употреба на огнено оружје, сите го слушаме. Излегуваме на терен а немаме пријава. Звукот шири и неможе да се лоцира точно. На лице место е таму каде што паѓа зрното. Во зависност од околностите може да се констатира прекршок или кривично дело - предизвикување на општа опасност, ако се пронајдат чаурите и зрната.

- Околу прашањето за девијантното однесување на младите во населба Триангла, тоа е локацијата кај улица Анри Барбис и паркот. Јасни наредби добиваат службениците околу овој дел. Има покриеност од 24 часа со околу 8 службеници, освен кога има дополнителен ангажман на службениците и треба да се насочат на други настани. Заеднички може да констатираме дека има тенденција на

зголемување на девијатното однесување кај младите. Но тука одговорност покрај надлежните имате и вие како советници и родители. Мора превентивно да се делува преку најразлични форми и преку канцелариите за превенција. Давајте иницијативи јас ќе организирам средби со родители на кои ќе присуствуваат службеници од најразлични сектори во министерството.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица "Гази Баба", за втората половина од 2018 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи во јавните детски градинки, за 2019 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 19.02.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе **(да не ги донесе)** следните материјали:

- Предлог - Одлука за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2019 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за млади и спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за училишен спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;

- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации во училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи во јавните детски градинки, за 2019 година;
- Предлог - Одлука за одобрување на исплата на еднократна парична помош **(се предлага да не се донесе)**; и
- Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејство од опожарен дом.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи во јавните детски градинки, за 2019 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - **Тони Бојковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 18.02.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје; и
- Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Наум Охридски" - Скопје.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **26 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање и давање на движни ствари на трајно користење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 18.02.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за примање на движни ствари на трајно користење **(со измени и дополнувања во насловот и текстот на Предлог-Одлуката)**;
- Предлог - Заклучок за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Одлуката за одобрување на исплата на еднократна парична помош, бр.08-579/1 од 06.02.2019 година; и
- Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за начинот на располагање со сопственост на објектот - ресторан до Домот на културата во Маџари.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата (со измените и дополнувањата во насловот и текстот) ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање и давање на движни ствари на трајно користење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје (со измените и дополнувањата во насловот и текстот), со **26 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, за учебната 2018/2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Барам да се задолжи стручната служба да обезбеди присуство на седницата на советот, на раководителот на секторот ревизија, како и на раководителот на одделението за јавни дејности.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

**Давам пауза од 5 минути** (по сопствена оцена).

Се задолжува стручната служба да обезбеди присуство на службениците.

**По паузата.**

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Оваа точка на дневен ред е на предлог на в.д директорот на училиштето кој е присутен тука. Ние како совет, веќе претходно имаме дадено позитивно мислење, но ова се измени и дополнувања на програмата. Во материјалот доставен до советот, меѓудругото постои и одлука на училишен одбор за изменување и дополнување на програмата, на седница одржана на 21.01.2019 година. Јас ве прашувам директоре дали на седницата на училишниот одбор, ваква одлука е навистина донесена ?. Одговорете ми дали во јавната набавка за организирање на екскурзии веќе е планирана оваа екскурзија за која советот на оваа седница треба да даде позитивно мислење. Законските одредби се јасни и ве молам најпрво да ми одговорите на овие прашања.

в.д. директор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје - **Јане Тасев**:

Претходно советот веќе донел одлука за давање на позитивно мислење за програмата за екскурзии. Се обративме претходно до Бирото за развој на образованието (БРО) на 10.07.2018 година. Одговорот од БРО е добиен на 16.10.2018 година, периодот кога сеуште не бев директор. Заради немање на можност да се распише оглас за прибирање на понуди за изведување на екскурзиите, поради доцнењето од БРО, ние бараме од овој совет да даде согласност на измените во програмата кои се однесуваат на една екскурзија која се планира да се реализира во перидот април-мај 2019 година. Самите родители ја финансираат екскурзијата а ние за да ја запазиме процедурата се обративме до советот да даде позитивно мислење на измените и дополнувањата на програма за екскурзии. За да бидам покриен барав мислење и од БРО и од советот. Од страна на БРО дадоа одговор дека сепак е потребно да се запознае и советот се со цел да даде позитивно мислење. Околу прашањата на советникот, и оваа тродневна екскурзија беше опфатена. Ако советот не даде позитивно мислење на оваа програма, ескурзијата нема да се реализира. Нема ништо спорно, гледавме да го фатиме последниот рок кога поради распишани избори, нема да бидеме во можност да распишеме оглас за прибирање на понуди за изведување на екскурзиите. Ако верувате дека децата од ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје заслужуваат вакви опструкции, сметам дека тоа не è во ред.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Директорот умешно не одговори на поставените прашања. Поради тоа ја информирам ревизијата дека располагам со соодветни документи кои укажуваат на тоа дека оваа точка - одлука на училишен одбор за изменување и дополнување на програмата, на седница одржана на 21.01.2019 година, воопшто и не била на дневен ред на седницата на училишен одбор. А таква одлука која не е донесена на седница на училишен одбор е доставена до советот. Денес директорот пробува да биде политичар и да ни префрла дека ние како советници не сакаме децата да одат на екскурзии. Апсурдот да биде поголем, за денес е закажана нова седница на училишниот одбор со дневен ред на кој како последна точка е разгледување на понуди за екскурзии. За споредба, советничката група на СДСМ на тринаесеттата седница на советот на кој се разгледуваа програмите за изведување на екскурзии на сите основни училишта, преку членовите на советот - Слаѓана Симеонова - Василковска и м-р Мартин Ристов реагираа од оваа говорница, дека не è во ред пред да се донесе соодветна одлука на советот со која се дава позитивно мислење на програмата за изведување на екскурзии, да се распишуваат огласи за прибирање на понуди за изведување на екскурзии. И тука имаме идентична ситуација, но не гледам дека има реакција од колегите да го кажат истото. Барам од секторот за

ревизија да изврши надзор врз целокупната документација, да се изврши разговор со претседателот на училишниот одбор и да одговори дали е можно да се распише оглас за избор на најповолна понуда за екскурзии пред советот да донесе одлука со која дава позитивно мислење на програмата за изменување и дополнува на програмата, предмет на расправа пред овој совет.

Претставник од општинската администрација - **Зорица Гуржовска**:

Екскурзиите не се класична јавна набавка туку се спроведува преку јавен оглас за прибирање на понуди. Во месец септември зneме дека се прават програмите, дали ќе се реазлизираат зависи од директорот. Утре ќе извршиме надзор за да ги провериме наводите на советникот. Потребно е прво училишниот одбор да донесе одлука а потоа да постапува советот. Во конкретниот случај е најважно дали донесената одлука е заведена во деловодната книга. Има многу малверзации околу деловодните книги во минатото. Мене не ми е јасно како е можно денес да се разгледува на училишен одбор разгледување на понуди за екскурзии а денес пред овој совет на седница е предмет на расправа давање на позитивно мислење на измените во програмата. Јас незнам искрено зошто е ова ставено на дневен ред, тоа не е во согласност со законот. До петок советот ќе биде информиран писмено.

в.д. директор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје - **Јане Тасев**:

Има комисија за јавни набавки која се избира од наставнички совет и од совет на родители. Во таа комисија влегуваат три родители и два наставника. Јас како директор немам никаков увид во работатат на оваа комисија. Обично членови на оваа комисија се родители чии деца одат на екскурзии. Јас како директор не отварам понуди за екскурзии. Овие екскурзии се веќе поминати преку совет а бараме само од советот да даде позитивно мислење на измените во програмата. Нема буквално ништо спорно. Јас како директор немам никаква надлежност, одлуката за распишување на оглас ја донесува училишниот одбор а јас како директор сум должен да ја спроведам.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Директоре прво да расчистиме една работа. Немојте да ни наметнувате дека ние сме против децата да одат на екскурзии. Тука имаме ситуација каде одлука донесена наводно на седница на училишен одбор, воошти не била дел од дневниот ред. Тука имаме проблем со законитоста на целата постапка. Во еден друг случај, колегите бурно реагираа, потоа Градоначалникот со раководителот на одделението за јавни дејности ја повика поранешната директорка на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје, која си даде оставка. Очекувам исто како со поранешната директорка на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје, Градоначалникот на општината да постапи исто. Да почекаме да го видиме извештајот на ревизијата и до петок ќе добиеме информација. Ако одлуката не е донесена на седница на училишен одбор, станува збор за фалсификат. Поради изнесеното, советничката група на коалиција "За подобра Македонија" нема да гласа за оваа Предлог-Одлука не заради тоа дали треба децата да одат на екскурзија, туку дали се спроведува законот. Се надевам дека и Градоначалникот ќе се произнесе по однос на оваа точка.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Во однос на донесената одлука од училишниот одбор, утре ќе издадам налог за вонреден ревизорски надзор за да се утврди фактичката сотојба. Доколу одлуката е фалсификувана, јас лично ќе барам разрешување на целиот училишен одбор. Но доколку тоа не е случај, советникот Трајковски со целата советничка група ќе мора да појдат и да им се извинат на родителите на децата кои нема да можат да заминат на екскурзија поради недонесена одлука на советот.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Кога веќе толку сакате Градоначалник да водите политика, барам согласно закон да бидеме известени за терминот на вршење на ревизијата, се со цел да бидеме присутни и ние советниците. Дали ќе се прави малверзација во меѓувреме јас незнам, јас ги имам сите документи. Тука одговорност нема само училишниот одбор па да барате разрешување на истиот, туку треба да барате одговорност и од директорот на училиштето. Имаме индиции за кршење на законот, записникот од седницата го имам и таму јасно е наведено дека таква точка немало.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Сите знаеме како се спроведуваат јавните набавки.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Очигледно на директорот му е пријатно па постојано е насмеан, иако работата очигледно не ѐ за смеење. Интересно е и излагањето на ревизорката дека во минатото имало малверазации со деловодните книги. И ние сме биле ученици и се одело на екскурзии, но никогаш немало вакви задкулисни работи кои излегуваат на виделина. Во конректниот случај, има индиции за сторена повреда на законот, а тука го обвинувате советот дека не ја донел одлуката и од тие причини нема да одат на екскурзии, без притоа да им се објасни што конкретно се случува. Ако сакате да бидете директор и да напредувате во кариерата, мора да го почитувате законот. Колегата Трајковски даде паралела со претходното разрешување на поранешната директорка на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје. Немојте да помислувате дека можете да поднесувате материјали до советот и да очекувате дека никој ништо не чита.

в.д. директор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје - **Јане Тасев**:

Ја повтори претходната дискусија дека училишниот одбор ја носи одлуката за оглас за избор на најповолни понуди за екскурзии. Што и да се донесе на седницата на советот тоа ќе се почитува. Сметав дека има потреба да се дообјаснат работите затоа што имам чувство дека сте критични настроени спрема мене.

Претседателот на Совет - **Тони Бојковски**:

Директоре во ред е, не сме тука некого да обвинуваме. Ако имаш вина ќе одговараш и тоа е многу јасно. Навлегувате јас не сум виновен, јас не сум сторил ништо, па зошто тогаш те поставиле за директор, зошто претходната директорка е разрешена !?. Некој требало претходно да размисли дека поради замената на директорите ќе има проблем со реализација на екскурзиите. Вие сте сугерирале на училишниот одбор, сте имале добра намера, тоа е во ред, но немојте дека не знаете

ништо. Ви сте сугерирале до училишниот одбор и тоа е факт. Немојте да кажувате емотивни работи тука дека некој не сака децата да одат на екскурзии. Советникот има индиции и тоа мора да се расчисти. Ако велите дека некој е критички настроен кон вас, па токму вие со тврдењето дека некој советник не сака децата да одат на екскурзии стее критички настроени спрема советот. Самиот кажавте дека сте сугерирале, при донесувањето на одлуката на училишниот оддбор. Многу смета кога децата се користат во други цели. На крај памет не ни е ако некој нема вина да сноси било каква одговорност.

Претставник од општинската администрација - **Зорица Гуржовска**:

Сметам дека е потребно да се прекине дискусиијата тука, се додека не се изврши ревизорскиот надзор и не се подготови извештајот. Вака се служиме само со претпоставки. Но вие директоре имате голема одговорност отпосле. Јас за слична работа поништив одлука за најповолен превозник за екскурзија, од причина што не беа исполнети условите. Училишниот одбор токму вам ви ја доставуваат одлуката за најповолна понуда која ја потпишувате. Вие имате исто така голема одговорност.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Директоре ви предлагам да го прочитате член 140 од Законот за основното образование каде се наведени вашите права и обврски. Меѓу тие права е и да ја предложите програмата за екскурзии до училишниот одбор. Еве ве прашувам по трет пат, дали сте предложиле донесување на одлука пред училишниот одбор на седница одржана на 21.01.2019 година ?.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Директоре излеговте на оваа говорница неколку пати и упорно не убедувате во нешто а училишниот одбор немал таква точка на дневен ред. Ваша е одговорноста, вие сте директор и имате одговорност. И немојте да ги набедувате советниците дека се наводно против екскурзиите на децата.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Мојот став по ова прашање на тринаесеттата седница е идентичен и сега. Зошто политички се одолговлекува целата постапка. Но сега да видиме дали вие ќе имате ист став при гласањето. Во конкретниот случај при усвојување на програмата за екскурзии на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје вие гласавте позитивно за програмата иако беа констатирани истите недостатоци односно распишан јавен оглас за прибирање на понуди, пред да биде донесена одлука на советот, а сега ќе гласате против.

Претседателот на Совет - **Тони Бојковски**:

Ако се реплицира на говор на претходник а тој ја напушта седницата, тоа е недолично однесување. Од тие причини што ние тогаш донесовме таква одлука, еве сега ќе го послушаме колегата Ристов и при исти контатирани недостатоци, ќе донесеме спротивна одлука. Јас невидов тогаш дека беше повикан на одговорност училишниот одбор, како што сега најавува Гадоначалникот, туку тогаш беше разрешена поранешната директорка на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Се со цел советот да донесе законита одлука, предлагам сега да одиме во училиштетот заедно со ревизијата, Градоначалникот, јас и уште еден советник од СДСМ. Поради изнесеното,

Барам пауза од половина час. Барањето е поткрепено од 5 советници.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Исполнети се условите во согласност со Деловникот.

Давам пауза од 45 минути.

**По паузата.**

Претседателот на Советот констатираше дека во салата не се присутни мнозинство на членови на советот и од тие причини советот неможе да расправа и одлучува. Поради тоа, во согласност со член 84 став (4) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ја прекина седницата, **а продолжението го закажа за 21.02.2019 година со почеток во 15,30 часот**.

**Седницата е прекината во 17,35 часот.**

**Продолжение на Дваесет и првата**
**седница на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржано на 21.02.2019 година**

Продолжението на седницата започна во 15,40 часот.

Продолжението на седницата го отвори и со него раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Тони Бојковски**.

На продолжението на седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот, на продолжението на седницата присуствуваа претставници од општинската администрација.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Да продолжиме онаму каде што вчера застанавме. Би сакал да го информирам советот за следното: По дадената пауза вчера бевме во посета на основното училиште, се со цел да присуствуваме на седницата на училишниот одбор. Иако уредно најавени за нашето присуство, не беше присутен секретарот на училиштето, на телефонот беше недостапна иако целта беше да го донесе записникот од седницата на училишниот одбор. Имаше нарачана бурна рекација од родителите за нашето присутво од добро познати личности, ја напуштивме седницата и денес како што беше договорено бевме во посета на училиштето, заедно со претставници од секторот за ревизија на општината, јас и колегата

Ристов. Како што очекувавме, секретарката на училиштето беше присутна и ни го презентира записникот кој го баравме и за кој вчера ве информирав дека го имам. Овој пат записникот беше изменет со тоа што беше наведено дека имало точка на дневен ред за донесување на одлука за изменување и дополнување на програмата за училишни екскурзии на училиштето. Беше договорено денес до 15 часот на барање на ревизијата до советот да се достават изјави од сите членови на училишниот одбор дека таква точка имало на дневен ред на седницата на училишниот одбор одржана на 21.02.2019 година. Јас сеуште ги немам добиено тие изјави.Ни беше кажано дека точката била предложена од еден член на училишниот одбор. Посочениот член на училишниот одбор беше контактиран и тој демантира дека тој предложил да се донесе таква одлука и од тие причини одбил да даде било каква изјава. Во ова време на безаконие е очигледно дека се изменети документите и е направен фалсификат. Ве уверувам директоре дека знаеме дека е сторен фалсификат, но во некое друго време кога ќе завладеат правото и правдата ќе има одговорност за оваа работа. Би сакал директоре да ве прашам дали по јавниот оглас за прибирање на понуди е донесена одлука за избор на фирма која ќе ги организира екскурзиите, иако сеуште до овој момент таква одлука од овој совет не ѐ донесена.

в.д. директор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје - **Јане Тасев**:

Ја очекував денес да ни биде презентиран записникот од извршениот ревизорски надзор за да знаеме кои се заклучоците и да бидеме запознаени со наводите.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Очигледно е директоре дека е сторен фалсификат. Ако во тоа сте успеале, не сте успеале и не можете да успеете да прикриете дека сте донеле одлука за избор на најповолен организатор на екскурзиите. Истиот јавен оглас е распишан пред советот да донесе одлука. Во интерес на децата ќе се донесе оваа одлука но барам во записникот од оваа седница да влезе како **заклучок дека бараме да се поништи постапката која претходела на донесување на одлука за избор на организатор на екскурзиите**. Барем тој дел да е во согласност со законот.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колеги, избрана е фирма и испратено е известување до правниот субјект, тоа е МАЈСКИ ЦВЕТ, веќе е закажана и една екскурзија - настава во природа на деца од петто одделение, на кое на родителите им е побаран износ од 4.390,00 денари. Ако успеавте да го прикриете записникот и да направите фалсификат. Како што истакна координаторот на советничката група, колегата Најденовски, бараме да се формулира заклучок. А во интерес на децата иако знаеме дека е сторен фалсификат, одлуката ќе се донесе. Неможе децата да бидат виновни што имаме неодговорна власт

Член на Совет - **Сашко Цветковски** (коалиција предводена од СДСМ):

За истата екскурзија моето дете во време кога директор на училиште беше од ВМРО-ДПМНЕ, цената беше 5.700,00 денари. Го напаѓате директорот неосновано. Ако ревизијата не ѐ тука да го презентира записникот од денешната контрола, сторете го тоа вие. Ако има вина кај директорот, нека одговара.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега Цветковски, ако имало криминал во работата на директорот на училиштето што избрал понуда за организирање на настава во природа за износ од 5.700,00 денари, поднесете соодветни пријави и нека сноси одговорност. Тука не ѐ спорна цената на екскурзијата, туку спроведената постапка. Прво треба советот да донесе одлука, после да се распише оглас за избор на фирма, па на крај да се изврши избор. Што ако не се усвои програмата !?.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, за учебната 2018/2019 година, со **24 гласа "ЗА"**.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Претседателе да реагирам процедурално, пред да биде заклучен претресот и точката ставена на гласање требаше да се донесе заклучок кој во претходната дискусија го побарав, односно да се задолжи основното училиште да го поништи огласот за избор на организатор на екскурзии, односно постапката повторно да ја спроведе по донесување на одлука од страна на советот.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Процедуралната забелешка на колегата Најденовски, **се задолжува стручната служба формулираниот заклучок кој го слушнавте да влезе во записникот од седницата на советот**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поради ненамерен пропуст (сметајќи дека тоа е сторено вчера) не поднесе извештај од седницата одржана на 18.02.2019 година. Согласно наведеното во ивештајот:

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;

- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година; и
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2018 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2019 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Програма за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја за период од 2019-2023 година.**

Претседателот на комисијата за негување и чување на традициите на македонскиот народ, заедниците и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја - **Милица Бубало**, поднесе извештај од седницата одржана на 18.02.2019 година.

Комисијата предлага Советот да не го донесе следниот материјал:

- Предлог - Програма за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја за период од 2019-2023 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја за период од 2019-2023 година, со **13 гласа "ЗА" и 9 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Јас и на седницата на комисијата за урбанизам истакнав дека е неопходно да имаме поголем увид и потребно е во програмата да се наведат имињата на улиците како би знаеле да утврдиме приоритети, односно побарав од изготвувачите на програмата во иднина да се наведуваат поименично сите улици а не да како до сега да биде наведено и "други улици".

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на комисијата за култура, спорт и рекреација - **Ристо Донев**, поднесе извештај од седницата одржана на 18.02.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за млади и спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за училишен спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година; и
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации во училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на комисијата за еднакви можности на жените и мажите - **Мартина Наумовска**, поднесе извештај од седницата одржана на 19.02.2019 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2018 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2018 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за млади и спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за млади и спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **20 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за училишен спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за училишен спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **19 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации во училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации во училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Имаме во четврток форум во х. Holiday Inn за доделување на средства, во организација на Центар за развој на Скопскиот плански регион и амбасадата на Швајцарската конфедерација во нашата земја. Околу самата презентација на проектот кој е на Општина Гази Баба а се состои од една патека во н.м Црешево, манастир Светка Петка кај Трника, се доделуваат околу 60.000 $, па добро е да има претставници и од секторот за заштита на животната средина и природата, за да се даде тежина на целиот настан.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **20 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **20 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на комисијата за месна самоуправа - **Тони Бојковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 18.02.2019 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **23 гласа "ЗА"**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

**Давам пауза од 15 минути** (по сопствена оцена).

**По паузата.**

**ДВАЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Одлуката за одобрување на исплата на еднократна парична помош, бр.08-579/1 од 06.02.2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Овој Предлог-Заклучок го предлагаме врз основа на член 51 став (2) од ЗЛС, каде советот е должен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението за запирање на прописот, да го разгледа решението и да одлучи по него.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Одлуката за одобрување на исплата на еднократна парична помош, бр.08-579/1 од 06.02.2019 година, со **14 гласа "ЗА" и 9 гласа "ПРОТИВ"**.

**ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за начинот на располагање со сопственост на објектот - ресторан до Домот на културата во Маџари.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за начинот на располагање со сопственост на објектот - ресторан до Домот на културата во Маџари, со **23 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Наум Охридски" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Наум Охридски" - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за одобрување на исплата на еднократна парична помош.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за одобрување на исплата на еднократна парична помош, со **14 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејство од опожарен дом.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејство од опожарен дом, со **23 гласа "ЗА"**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

**Давам пауза од 20 минути** (по сопствена оцена), за да се одржат седници на:

Комисија за <u>урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина</u> за да завземе став и да му поднесе извештај на Советот по однос на:

**33.** Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Министерство за правда на РМ - Управа за извршување на санкции, од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за ГП бр.1.13, за изградба на судница во Казнено - поправен дом Идризово во с.Идризово;

**34.** Предлог - Одлука за прием и отстапување на донација; и

**36.** Предлог - Одлука за изменување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година.

- Комисија за <u>мандатни прашања, избори и именувања</u> за да завземе став и да му поднесе извештај на Советот по однос на:

**35.** Предлог - Одлука за формирање на комисија за спроведување на одлуката за финансиска поддршка на бранителите и нивните семејства учесници во конфликтот од 2001 година кои живеат на територија на Општина Гази Баба.

**По паузата.**

**ТРИЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Министерство за правда на РМ - Управа за извршување на санкции, од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за ГП бр.1.13, за изградба на судница во Казнено - поправен дом Идризово во с.Идризово.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 21.02.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Министерство за правда на РМ - Управа за извршување на санкции, од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за ГП бр.1.13, за изградба на судница во Казнено - поправен дом Идризово во с.Идризово;
- Предлог - Одлука за прием и отстапување на донација; и
- Предлог - Одлука за изменување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година (со измени во насловот на Предлог-Одлуката).

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Барам одговор од стручните служби, зошто се ослободуваат министерствата од надоместок за уредување на градежно земјиште, дали е тоа некаква воспоставен пракса ?. Да гради општината разбирам да се ослободи од плаќање на надоместокот, но не ми е јасно зошто се ослободуваат министерствата ?.

Претставник од општинската администрација - **Благица Блажевска**:

Веќе претходно советот на општината во 2012 година донел одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за истиот субјект. Ова е став на општината.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Ова е добра пракса, мора да се размисли за ослободување од од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за министерствата и други органи и субјекти како на пример ЕВН Македонија, од кои може во иднина да очекуваме некаков бенефит во интерес на општината. Во конкретниот случај, се разбира дека нема никаков бенефит за општината од изградба на судница во кругот на затворот.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за ослободување на инвеститорот - Министерство за правда на РМ - Управа за извршување на санкции, од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за ГП бр.1.13, за изградба на судница во Казнено - поправен дом Идризово во с.Идризово, со **21 глас "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прием и отстапување на донација.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прием и отстапување на донација, со **21 глас "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на комисија за спроведување на одлуката за финансиска поддршка на бранителите и нивните семејства, учесници во конфликтот од 2001 година, кои живеат на територија на Општина Гази Баба.**

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - **Тони Бојковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 21.02.2019 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Одлука за формирање на комисија за спроведување на одлуката за финансиска поддршка на бранителите и нивните семејства, учесници во конфликтот од 2001 година, кои живеат на територија на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на комисија за спроведување на одлуката за финансиска поддршка на бранителите и нивните семејства, учесници во конфликтот од 2001 година, кои живеат на територија на Општина Гази Баба, со **22 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата (со измените во насловот на Предлог-Одлуката) ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Советнички прашања.**

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Градоначалникот повторно го нема на точка за советнички прашања. Мене ми е многу жал за група граѓани од неселба Кирил Петрушевски, кои се тука присутни, се со цел да се реши нивниот проблем околу легализации на нивните куќи, кои се околу 60. Исто така имаат пробелм и со откупот на дворните места. Добро е што од секторот за урбанизам и градежно земјиште има присутни претставници, па можат да го слушнат нивниот проблем. Јас се надевам дека на наредната седница Градоначалникот ќе биде присутен и ќе можеме да поставуваме советнички прашања. Поради тоа, советничката група на коалицијата "За подобра Македонија" нема да поставува советнички прашања, се додека Градоначалникот не биде присутен на седница на совет.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Овие граѓани имаат реален проблем. Најпрво треба да се легализираат нивните куќи а отпосле да го остварат своето право на откуп на дворните места. Поради тоа што се каснеше со носење на детални планови, а претходните планови од седумдесеттите години од минатиот век се нереализирани. Мора и ние и Град Скопје да бидеме поекспедитивни. Не посочуваме кој е виновникот, но ова конечно мора да се реши. Овие луѓе неможат да бидат обештетени во некои идни постапки за експропријација од причина што не се сопственици и немаат имотен лист.

Претставник од општинската администрација - **Благица Блажевска**:

Јас искрено незнам од кога е овој проблем и од кога овие луѓе имаат постапки за легализација ?. Јас незнам од каде е овој проблем. Да не го оптеретуваме советот, повелете утре во 09 часот наутро и ќе ги разгледаме предметите.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - **Тони Бојковски** ја заклучи Дваесет и првата седница на Советот на Општина Гази Баба, во 18,30 часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**